Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП „ПЛАВАЈА" Радовиш

| Примено: | 08.04.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 0201 | 317/1 | | |

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на XLV седница одржана на 11.03.2024 година, донесе

# З А К Л У Ч О К
## за усвојување на Извештај од Надзорен одбор за извршената контрола на материјално-финансовото работење во ЈП Плаваја Радовиш за деловната 2023 година бр.0203-183/2 од 21.02.2024 година

I. Се усвојува Извештај од Надзорен одбор за извршената контрола на материјално-финансовото работење во ЈП Плаваја Радовиш за деловната 2023 година бр.0203-183/2 од 21.02.2024 година, наш бр.08-43/20 од 23.02.2024 година.

II. Овој Заклучок стапува на сила 8(осмиот) ден од денот на објавување во "Службен гласник на општина Радовиш"

Број 08-486/1
Дата 11.03.2024 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Моника Трајанова

Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА П.О.
Бр. 0203-183/2
21.02. 20 24 год.
Радовиш

# И З В Е Ш Т А Ј

На Надзорниот Одбор за извршената контрола на материјално-финансовото работење во ЈП Плаваја-Радовиш за деловната 2023 година

Февруари-2024 г. Радовиш

Советот на општина Радовиш со решение бр.08-213/1 од 31.01.2022год. го именува Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансовото работење на ЈП Плаваја Радовиш за деловната 2023 година во состав:

1. Оливер Трпков
2. Татјана Димитров
3. Милчева Велика
4. Јулија Цветанова
5. Андреј Ивановиќ

Активностите на членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансовото работење за деловната 2023 година во ЈП Плаваја Радовиш се во контрола на: благајничкото работење, приходите и расходите и контрола на извршените пописи на средствата, капиталот и обврските.

Исто така големо внимание е посветено на контрола околу изготвувањето на Завршната сметка и сите обрасци за годината што завршува на 31.12.2023 год. Според пропишаните законски прописи.

Во текстот подолу е прикажано поединечно изнесување на составните делови на Завршната сметка за 2023 година на ЈП Плаваја Радовиш.

Биланс на успех за 2023 година

| | | |
|---|---|---|
| 1. Приходи од основна дејност | 111.362.558,00 | |
| 2. Расходи од основната дејност | 111.028.843,00 | |
| Материјални трошоци | | 17.977.133,00 |
| Бруто плата на вработените | | 53.822.233,00 |
| Амортизација | | 28.410.319,00 |
| 3. Добивка за тековната година | 333.715,00 | |
| 4. Данок и придонеси од добивката | 241.054,00 | |
| 5. Добивка за финансиската година | 92.661,00 | |

Во билансот на успех од редовното работење и од други активности прикажана е добивка во износ од 333.715,00 денари но по пресметување на данокот од добивка во износ од 241.054,00 денари, искажаната добивка за тековната 2023 година изнесува 92.661,00 денари.

Позитивниот финансиски резултат се базира на поорганизираната наплата од граѓаните и стопанството, односно намалени материјални и нематеријални трошоци.

Напоменуваме дека во 2023 година ЈП Плаваја Радовиш редовно ги има исплатено бруто платите на вработените преку трансакциски сметки заклучно со 31.12.2023 г. и продолжува со истото темпо во 2024 година.

Биланс на состојба на 31.12.2023 година

| | |
|---|---|
| 1. Постојани средства | 348.732.027,00 |
| 2. Тековни средства | 97.744.497,00 |
| Залихи | 8.979.905,00 |
| Побарувања | 81.527.618,00 |
| Парични средства | 7.236.974,00 |
| 3. Вкупна актива | 446.476.524,00 |

| | |
|---|---|
| 1. Капитал и резерви | |
| 2. Запишан капитал | 500,00 |
| Обврски спрема доверители | 90.628.176,00 |
| Добивка од финансиската година | 92.661,00 |
| 3. Вкупна пасива | 446.476.524,00 |

Во 2023 година е остварен позитивен финансиски резултат за разлика од 2022 година кога е остварен негативен финасиски резултат.

Врз основа на извештајот. Надзорниот одбор за следење на материјално-финансовото работење во ЈП Плаваја за деловната 2023 година дава ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ до Управниот Одбор да ја разгледа и усвои завршната сметка за 2023 година на ЈП Плаваја Радовиш.

Надзорниот одбор за матерјално-финансиско работење констатира дека книговодството на ова јавно претпријатие е водено според пропишаните меѓународни сметководствени стандарди и сите законски прописи за изготвување на завршни сметки за јавни претпријатија.

Радовиш
21.02.2024г.

Оливер Трпков ____________
Татјана Димитров ____________
Милчева Велика ____________
Јулија Цветанова ____________
Андреј Ивановиќ ____________

Јавно претпријатие за комунални дејности ПЛАВАЈА П.О. Радовиш

Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА П.О.
Бр. 0203-183/3
21.02. 2024 год.
Радовиш

**До**
**Управниот одбор**
**на ЈП „Плаваја„ Радовиш**

**ПРЕДМЕТ**: Доставување на мислење

Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Плаваја„ Радовиш, на својата редовна седница, одржана на ден 20 и 21.02.2024 година, го разгледа Извештајот за работењето на ЈП „Плаваја„ Радовиш за 2022 година, и согласно член 27 став 3 од Законот за јавните претпријатија (сл.в. на РМ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) до Управниот одбор го доставува следното:

**М И С Л Е Њ Е**

**Се дава позитивно мислење** за Извештајот за работењето на ЈП „Плаваја„ Радовиш во период од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година.

| | |
|---|---|
| 1.Остварени вкупни приходи | 111.362.558,00 |
| 2.Остварени вкупни расходи | 111.028.843,00 |
| 3.Остварена добивка | 333.715,00 |

Надзорниот одбор му **препорачува** на Управниот одбор, **да го прифати** Извештајот за работењето на ЈП „Плаваја„ Радовиш во период од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година.

**Надзорен одбор**
**Претседател**
В. Милчева
**Велика Милчева**

Јавно претпријатие за комунални дејности ПЛАВАЈА П.О. Радовиш

**ДО/ДО**
1.Архива
2.Претседател на У.О.